**_ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА_**

**MACEDONIAN SCHOOL SPORT FEDERATION**

**ЖИРО С-КА 300000000620157, ЕДБ 4030997161050, КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ**
**Градски парк бб. Кошаркарска сала Работнички, П.Фах. 5, 100 Скопје, тел./факс +389 (0) 2 31 16 824**
***Web page:* [http://www.fusmak.org.mk](http://www.fusmak.org.mk) *E- mail:* [fusmakkontakt@yahoo.com](mailto:fusmakkontakt@yahoo.com)**

Почитувани,

Во прилог се нашите предлози за измена и дополнување на Законот за основното образование.
Во членот 43, ставот (3) се менува и гласи: "Училишните спортски клубови средствата за финансирање ги стекнуваат од Буџетот на Републиката, буџетите на општините, односно на Град Скопје и од други извори (донации, легати, подароци, фондации, меѓународни проекти и др.), а се користат наменски. Условите, начинот и постапката за добивање на средства на училишните спортски клубови ги уредува Министерот, по претходно добиено мислење од Бирото и Федерацијата на училишен спорт на Македонија."
Во членот 43, ставот (4) се менува и гласи: "Училишниот спортски клуб до Министерството, основачот и училиштето доставува извештај за наменското користење на средствата за финансирање, најдоцна до 15 јули во тековната година, за претходната наставна година."
Во членот 43, се додава нов став (5), кој гласи: "Средствата од ставот (3) од овој член можат да се користат за набавка на спортска опрема и реквизити, организација и реализација на натпревари, надоместок за лицата ангажирани во реализацијата на годишната програма за работа на училишниот спортски клуб, патни трошоци за учество на натпревари и други активности".
Во членот 44, ставот (2) се дополнува на начин што, по зборовите "здруженија на наставници", се додава "односно Федерацијата на училишен спорт на Македонија за натпреварите во училишниот спортски систем."

Со почит,

Септември, 2024

Федерација на училишен спорт на Македонија
Претседател,
проф. д-р Александар Туфекчиевски